Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 371, 15 август 2025 година

август 2025 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**ЗА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО СОВРЕМЕН МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК 1 И 2“ ОД ДОЦ. Д-Р МАРИЈА ГРКОВА-БЕАДЕР, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 3**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ЛЕКСИКОЛОГИЈА НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК” ОД ДОЦ. Д-Р АНА КОЦЕВА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ........ 6**

**П Р Е Г Л Е Д**
**НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА ........ 9**

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Техничко уредување: м-р Влатко Јовановски дипл. инж.
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
ISSN: 1857- 8497

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**ЗА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО СОВРЕМЕН МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК 1 И 2“ ОД ДОЦ. Д-Р МАРИЈА ГРКОВА-БЕАДЕР, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и Одлуката бр. 0801-2/35 од 306. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет одржана на ден 13.5.2025 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Игор Станојоски, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, редовен професор,
- проф. д-р Ранко Младеноски, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, редовен професор,

за изготвување на извештај, рецензија, на ракописот **„Практикум по Современ македонски јазик 1 и 2“ од доц. д-р Марија Гркова-Беадер**, наменет за студентите на прв циклус студии на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

По прегледот на ракописот Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип го поднесува следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

Ракописот на доц. д-р Марија Гркова-Беадер со наслов „Практикум по Современ македонски јазик 1 и 2“ понуден како универзитетско помагало за објавување во електронска форма на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип се однесува на предметите Современ македонски јазик 1 и Современ македонски јазик 2 од првиот и од вториот семестар со неделен фонд на часови од 2+1+1 и е наменет за студентите од првиот и од вториот семестар на *катедрите за англиски, германски, турски, италијански јазик и книжевност* на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Овој Практикум од авторката е напишан во согласност со Студиската и Предметната програма за наставата по наведените предмети.

Практикумот содржи 53 страници, А4 формат. Збогатен е со мноштво вежби, задачи, барања од областа на морфологијата, односно, од областа на современиот македонски јазик. Практикумот го надополнува секој наслов од скриптата насловена „Морфологија на современиот македонски јазик“ од Марија Гркова-Беадер, како и скриптата „Современ македонски јазик 2“ од Симон Саздов кои се користат како задолжителна литература, заедно со Граматиката на македонскиот јазик од Бл. Конески во наставата по Современ македонски јазик 1 и 2.

Како што стои во предговорот на Практикумот, тој е издание збогатено со вежби кое се јави како потреба на наставата за гореспоменатите предмети. Тие се воведени во наставата преку Наставната програма од 2021 година. Овие предмети се задолжителни за студентите од сите катедри при Филолошкиот факултет, со исклучок на македонистите. Наставата по Современ македонски јазик 1 и 2 покажа дека се чувствува потреба од едно вакво издание од Практикумот, чија цел е да го задржи вниманието на студентите, да ги држи активни, посветени

и ангажирани во учењето. Студентите преку одговарање на барањата, вежбите и задачите доаѓаат до полесно совладување на содржината од морфологијата. Преку одговарањето на зголемениот обем на вежби кои се од различен карактер, и потешки и полесни, и покомплексни и поедноставни, со едно барање и со повеќе барања, студентите освен што се постојано активни за време на наставата, имаат можност и полесно да ја разберат новата содржина што се усвојува.

Според обемот и содржината, како и според бројот на часовите за предметите за кои е наменет овој практикум, може да се констатира дека ги задоволува условите предвидени со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

При изработката на Практикумот беа користени и консултирани поголем број наслови од стручната и од научната литература, кои можат да им послужат на студентите да се упатат кон големиот број наслови од областа на морфологијата, кои, пак, ќе им помогнат дополнително да го збогатат знаењето.

Со оглед на тоа што Практикумот е подготвен според специфичната Студиска и Предметна програма за курсевите *Современ македонски јазик 1 и 2* што ги следат студентите од првиот и вториот семестар на Филолошкиот факултет во Штип, овој ракопис претставува оригинален Практикум што ќе им овозможи на студентите преку голем број и избор на вежби и задачи да го проверат своето знаење, но и да знаат како новоусвоеното знаење да го применуваат во секојдневното говорење и општење. Практикумот, како дополнителна литература од наставата заедно со скриптите и Граматиката, има за цел да ги упати студентите во современите истражувања поврзани со морфолошките содржини, како и кон поголем број наслови од темата со кои можат да го прошират и продлабочат своето знаење. Една од целите на Практикумот е темелна подготовка за двата писмени колоквиуми, како и завршниот испит по предметите *Современ македонски јазик 1 и 2.*

Конкретната содржина во *Практикум по Современ македонски јазик 1 и 2* од Гркова-Беадер е изложена во повеќе од триесет наслови и повеќе поднаслови: Предговор, Воведни вежби од морфологијата, Именки, Граматички категории на именките, Придавки, Граматички категории на придавките, Броеви, Заменки, Глаголи, Граматички категории на глаголите, Прости глаголски форми, Сегашно време, Минато определено несвршено време, Минато определено свршено време, Заповеден начин, Нелични глаголски форми, Глаголска л-форма, Глаголска придавка, Глаголски прилог, Глаголска именка, Сложени глаголски форми, Минато неопределено време, Предминато време, Идно време, Минато-идно време, Идно прекажано време, Можен начин, Глаголска конструкција има/нема, Глаголска конструкција сум, Прилози, Предлози, Сврзници, Честички, Извици, Модални зборови, Користена литература.

Во *Практикумот по Современиот македонски јазик 1 и 2* се среќаваат горенаведените наслови и поднаслови во кои, пак, се среќаваат поголем број вежби, задачи, барања и сл. Под секој наслов има различен број на задачи, кои се од различен тип, и поедноставни, и посложени, и со едно барање, и со повеќе барања. Поедноставни се, на пример: *Како ја дефинираме морфологијата според Општата граматика на македонскиот јазик?; Кои научни дисциплини се блиски до морфологијата? Објаснете.; Која е суштинската разлика меѓу морфологијата и зборообразувањето?; Дефинирајте ги термините морфема и збор.* Посложени и со повеќе барања се, на пример: *Најдете статија од интернет и издвојте ги сите именки од неа, а потоа поделете ги според родот; Сè околу двородовите*

*именки; Опишете една ситуација во која е неопходно описното сигнализирање на полот кога е употребен епиценум; и ситуација во која е неопходно употребување на феминатив заради јасност во изразот на мислата* у слично.

Барањата, задачите и вежбите во *Практикумот по Современ македонски јазик 1 и 2* се пишувани во консултација со повеќе литературни извори од областа на македонистиката, особено, од областа на морфологијата. Такви се, на пример, „Општата граматика на македонскиот јазик" од Стојка Бојковска, Лилјана Минова-Ѓуркова, Димитар Пандев и од Живко Цветковски, потоа „Практикум по морфологија на македонскиот литературен јазик" од Татјана Гочкова-Стојановска и други. Во ракописот е приложена и *Библиографија* која е дадена на крај, а која има за цел да ги насочи студентите кон други наслови од областа што ќе придонесат до проширување и продлабочување на знаењата од морфологијата.

Богатиот избор на вежби, задачи и барања во Практикумот во голема мера ќе ги поттикне и ќе ги мотивира студентите кон активен интелектуално-емоционален пристап во совладувањето на предвидените наставни содржини за предметите *Современ македонски јазик 1 и 2.*

**ЗАКЛУЧОК**

Ракописот на доц. д-р Марија Гркова-Беадер со наслов *Практикум по Современ македонски јазик 1 и 2* што е понуден за објавување како рецензирано универзитетско помагало во електронска форма на веб-порталот од Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип е методски разработен труд во кој на концизен и јасен системски начин се разгледани практичните аспекти на морфологијата. Практикумот има за цел да им помогне на студентите во совладувањето на сложената материја од областа на морфологијата како една од гранките на граматиката и врз чија основа студентите ќе ги надградуваат своите знаења од другите научни дисциплини поврзани со граматиката на македонскиот јазик, кои им се неопходни за натамошниот тек на студирањето. Во таа смисла, ова помагало ќе им биде од голема полза на студентите што изучуваат еден од понудените странски јазици, особено заради тоа што за да се изучува кој било странски јазик, неопходно е добро да се владее мајчиниот. Практикумот може да послужи и како солидно помагало за компарирање меѓу македонскиот јазик и странскиот јазик што студентите го изучуваат.

Врз основа на предочените и образложени факти за содржината на ракописот изложен од доц. д-р Марија Гркова-Беадер, Рецензентската комисија заклучува дека овој труд во целост ги исполнува критериумите за објавување на учебници, практикуми и други наставни помагала предвидени со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Затоа, како членови на Рецензентската комисија, со задоволство им предлагаме на членовите на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип да го прифатат овој ракопис за објавување во Е-библиотека на веб-порталот на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип како рецензирано универзитетско помагало по предметите Современ македонски јазик 1 и 2.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
Проф. д-р Игор Станојоски, с.р.
Проф. д-р Ранко Младеноски, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ЛЕКСИКОЛОГИЈА НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК" ОД ДОЦ. Д-Р АНА КОЦЕВА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.1902-154/7 од 310. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 25.6.2025 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Натка Јанкова-Алаѓозовска, вонреден професор за наставно-научните области англиски јазик и општа лингвистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип;
- д-р Сашка Јовановска, доцент во наставно-научната област лингвистика, поле англистика и поле граматика, семантика, семиотика, синтакса на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ПРАКТИКУМ ПО ЛЕКСИКОЛОГИЈА НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК**" од **доц. д-р Ана Коцева,** наменет за студентите на прв циклус студии на Филолошки факултет на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Ракописот со наслов „Практикум по лексикологија на англискиот јазик" припаѓа во научната област општа лингвистика според меѓународната Фраскатиева класификација.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошки факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот од доц. д-р Ана Коцева со наслов „Практикум по лексикологија на англискиот јазик" е дополнително учебно помагало во наставата за предметот Лексикологија на англискиот јазик. Предметот Лексикологија е задолжителен предмет за студентите од прв циклус на студии на студиската програма Англиски јазик и книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Овој рецензиран практикум е во согласност со наставната програма, како и наставниот материјал и рецензираната скрипта којашто се користи по овој предмет.

Овој ракопис претставува збир на практични вежби, прашања, активности и дискусии коишто овозможуваат детален преглед и усвојување на клучните теми од лексикологијата на англискиот јазик како посебна јазична дисциплина. Исто така, се овозможува лесен пристап до различни видови на активности преку кои самите студенти имаат можност за практична примена на теоретското знаење по предметот, но истовремено и надополнување на вокабуларот, како и можност за индивидуални понатамошни истражувања и проучувања на обработените поими, термини и области во лексикологијата.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот е напишан на англиски јазик и содржи 47 страници во А4 формат, фонт Ариал, големина на букви 11, проред 1. Текстот е поделен на 10 поглавја кои се во согласност со наставната програма и го вклучуваат практичниот дел од материјалот што се обработува

по предметот Лексикологија. Обемот на ракописот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови/вежби по предметот Лексикологија на англискиот јазик, којшто се изучува во четврта година, VII семестар, со неделен фонд на часови 2+2+1. Исто така, ракописот целосно ги исполнува одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракопис којшто вклучува практични вежби од областа на лексикологијата на англискиот јазик и е во согласност со наставната програма за студентите од прв циклус при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип досега не е објавен. Всушност, објавувањето на ова учебно помагало е да се дополни недостатокот од еден специјализиран ракопис којшто ќе го опфати практичниот дел од изучувањето на лексикологијата на англискиот јазик и ќе им овозможи на студентите брза и ефективна подготовка за испитот по овој предмет.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е напишан на англиски јазик и е наменет за студентите од Катедрата по англиски јазик и книжевност – наставна и преведувачка насока при Филолошкиот факултет. Содржината на практикумот вклучува предговор, десет поглавја и библиографија. Ракописот содржи вежби од различни видови: вежби со заокружување на одредени елементи, подвлекување со цел да се препознае одредена лексичка категорија, одредување на точно или неточно тврдење, вежби со поврзување, вежби со набројување, вежби со пополнување на соодветните лексички елементи коишто недостасуваат, цртање или приказ на зборообразување, обележување на значенски односи итн.

Во првото поглавје насловено *Лексикологијата како лингвистичка дисциплина* се опфатени вежби и прашања преку кои се усвојуваат основните термини во лексикологијата и се разјаснува поврзаноста на лексикологијата со другите гранки на лингвистиката.

Второто поглавје *Зборови* опфаќа вежби и примери за клучните термини со кои се изразува значењето на зборовите како денотација, конотација, референци и сл.

Во третото поглавје *Потеклото на англискиот јазик* се обработуваат примери на зборови од странско потекло и се дефинира нивното потекло. Исто така се дефинира и анализира хронолошки развојот на англискиот јазик.

Четвртото поглавје *Зборообразувачки процеси* вклучува вежби за сите примарни зборообразувачки процеси коишто се користат во англискиот јазик и тоа: афиксација, инфлекција, деривација, конверзија и образување на сложенки.

Петтото поглавје *Секундарни и маргинални зборообразувачки процеси* ги обработува секундарните и маргиналните процеси за зборообразување како: кратење, редупликација, удвојување, комбинирање на зборови, промена на гласови, промена на акцент и слично.

Во шестото поглавје *Лексикон* има вежби преку кои се анализира вокабуларот на англискиот јазик, се дефинира терминот лексикон и се врши преглед на разликите меѓу зборовите врз основа на стилот, географската и социјалната положба.

Седмото поглавје *Парадигматски релации* вклучува вежби и активности за препознавање и одредување на значенските односи меѓу зборовите и тоа: синоними, антоними, хипонимија, меронимија, хомоними, хомографи, хомофони итн.

Во осмото поглавје *Синтагматски релации* се анализира поврзаноста на зборовите во реченицата како една целина, така што се одредуваат, анализираат и формираат колокации, идиоми, идиоматски фрази, фразални глаголи и сл.

Деветтата тема насловена *Лексикографија* вклучува практични активности и дискусии преку кои се објаснува улогата и работата на лексикографите.

Последното, десетто поглавје *Репозиториуми на зборови* е насочено кон практичната примена на лексикографијата и речниците. Овде се вклучени вежби за препознавање и класифицирање на различни видови на речници според повеќе карактеристики, изработка на глосари, процеси за дефинирање на зборови кои ќе соодветствуваат со профилот на идните корисници на даден речник и сл.

Главната цел на овој практикум како дополнително учебно помагало е да помогне во оспособувањето на студентите за практична примена на теоретското знаење по предметот Лексикологија на англискиот јазик преку повеќе видови на вежби, но истовремено и да помогне во збогатување на вокабуларот на студентите, како и да ги поттикне на размислување и понатамошно истражување на обработените теми, а со тоа да се постигне и продлабочување на нивното знаење за оваа научна дисциплина.

**З А К Л У Ч О К**

Врз основа на горенаведените факти, Рецензентската комисија констатира дека ракописот со наслов **„Практикум по лексикологија на англискиот јазик"** од **доцент д-р Ана Коцева** е напишан според наставната содржина предвидена за предметот Лексикологија на англискиот јазик на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. Содржината на ракописот и организираноста на секое поглавје ќе обезбедат успешно усвојување и практична реализација на материјалот наставната дисциплина за која е наменет и успешна подготовка за практичниот дел од испитот по предметот Лексикологија на англискиот јазик. Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на електронска скрипта според Правилникот за единствени основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип ракописот со наслов „Лексикологија на англискиот јазик" од автор доцент д-р Ана Коцева да го прифати за објавување како рецензирана електронска скрипта.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

Д-р Натка Јанкова-Алаѓозовска, вонреден професор, с.р.

Д-р Сашка Јовановска, доцент, с.р.

.

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| Билтен 15.8.2025 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ | 1. Улогата на медицинската сестра/акушерка во препознавање, третман и превенција на доцни сепси кај преттермински новородени | 2002-66/55 од 11.3.2025 год. | Проф. д-р Гордана Камчева Михаилова | Тања Трајковска |
| | 2. Пристапот и улогата на патронажната сестра при ран скрининг, едукација и третман на пациенти со Diabetes melitus | 2002-66/54 од 11.3.2025 год. | Проф. д-р Гордана Панова | Весна Крстеска |